МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 86 став (2) од Законот за шумите („Службен весник на Република Македонија" бр. 64/09, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13, 43/14, 160/14, 33/15, 44/15, 147/15, 7/16 и 39/16) министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УНИФОРМАТА И ВИДОТ НА ОРУЖЈЕТО ШТО ГО НОСАТ ПРИПАДНИЦИТЕ НА ШУМСКАТА ПОЛИЦИЈА

**Член 1**

Во Правилникот за униформата и видот на оружјето што го носат припадниците на шумската полиција („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 57/19) во членот 4 во точката 1 по зборовите: „"чичак"-лента на која е поставен натписот "ШУМСКА ПОЛИЦИЈА" " се додаваат зборовите: „чиј изглед е даден во Прилог 1 и Прилог 1-а кои се составен дел на овој правилник", а зборовите: „стои со зелени букви РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ШУМСКА ПОЛИЦИЈА, FORESTRY POLICE во форма на полукруг" се заменуваат со зборовите: „стои натписот на шумската полиција во форма на полукруг со зелени букви чиј изглед е даден во Прилог 2 и Прилог 2-а кои се составен дел на овој правилник".

Во точката 2 по зборовите: „ „чичак"-лента на која е поставен натписот „ШУМСКА ПОЛИЦИЈА" " се додаваат зборовите: „чиј изглед е даден во Прилог 1 и Прилог 1-а на овој правилник", а зборовите: „стои со зелени букви РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ШУМСКА ПОЛИЦИЈА, FORESTRY POLICE во форма на полукруг" се заменуваат со зборовите: „стои натписот на шумската полиција во форма на полукруг со зелени букви, чиј изглед е даден во Прилог 2 и Прилог 2-а на овој правилник".

Во точката 5 зборовите: „извезено "ШУМСКА ПОЛИЦИЈА" се заменуваат со зборовите: „извезен натписот на шумската полиција, чиј изглед е даден во Прилог 3 и Прилог 3-а кои се составен дел на овој правилник,".

Во точката 6 по зборовите: „ШУМСКА ПОЛИЦИЈА" се додаваат зборовите: „чиј изглед е даден во Прилог 1 и Прилог 1-а на овој правилник,".

Во точката 7 зборовите „Во средината со златна боја се испишани на кирилично писмо буквите РСМ, а околу нив има две ловорови гранки странично поставени и се прекрстени во основата.“ се заменуваат со зборовите: „Во средината на амблемот со златна боја е испишана кратенката на името на државата, а околу неа има две ловорови гранки странично поставени и се прекрстени во основата, кој е даден во Прилог 4 и Прилог 4-а кои се составен дел на овој правилник.“.

**Член 2**

Во членот 6 во точката 2 по зборовите: „“ШУМСКА ПОЛИЦИЈА“ во бела боја,“ се додаваат зборовите: „чиј изглед е даден во Прилог 5 и Прилог 5-а кои се составен дел на овој правилник“, а по зборовите: „ „чичак“-лента на која е поставен натписот „ШУМСКА ПОЛИЦИЈА“ “се додаваат зборовите: „чиј изглед е даден во Прилог 1 и Прилог 1-а на овој правилник“.

Во точката 5 зборовите: „Во средината со златна боја се испишани на кирилично писмо буквите РСМ, а околу нив има две ловорови гранки странично поставени и се прекрстени во основата.“ се заменуваат со зборовите: „Во средината на амблемот со златна боја е испишана кратенката на името на државата, а околу неа има две ловорови гранки странично поставени и се прекрстени во основата, кој е даден во Прилог 4 и Прилог 4-а на овој правилник.“.

**Член 3**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 02-4655/9
20 септември 2021 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Arjanit Hoxha,** с.р.

Прилог 1




Прилог 1-а



Прилог 2


8 cm
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ШУМСКА ПОЛИЦИЈА
FORESTRY POLICE
10 cm

Прилог 2-а


8 cm
10 cm
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ШУМСКА ПОЛИЦИЈА
POLICIA PYJORE
FORESTRY POLICE

Прилог 3




Прилог 3-а



Прилог 4



Прилог 5




Прилог 5-а

